Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден 11.07.2022 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 86, КП 87, КП 90, КП 94, КП 100/1, КП 100/2, КП 105, КП 106 И ДЕЛ ОД КП 1/1, КО Сушево, Општина Штип, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 86, КП 87, КП 90, КП 94, КП 100/1, КП 100/2, КП 105, КП 106 И ДЕЛ ОД КП 1/1, КО Сушево, Општина Штип, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Моќноста на фотоволтаичната централа за производство на електрична енергија е над 10MW, со површина на планскиот опфат од 30,67ха, ќе придонесе за намалување на штетните емисии во воздухот, вклучувајќи намалени емисии на стаклени гасови и придонес кон ублажувањето на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот на енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергијае во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздухот од производство на електрична енергија на конвенционален начин.

Со правилно планирање, проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значаен товар врз животната средина.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 21-1921/9
Датум:11.07.2022 година
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски